**ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКА ЗА ХИВ и СИДА**

Краток осврт

Пивара Скопје е целосно посветена на благосостојбата на своите вработени. Компанијата препознава дека вработените може да бидат изложени на ризик од добивање ХИВ и СИДА и дека високата појава на ХИВ и СИДА во некои земји е дополнета со отсуство на системи за социјална и медицинска поддршка за лекување на заразените луѓе.

Оваа политика е создадена со цел да даде на значење на овие прашања, за да се намали ризикот од инфекција на вработените и нивните семејста и во рамки на можностите да се обезбеди помош во соработка со локалните власти и организации, преку програми за образование и свесност за ХИВ и СИДА.

Цел/Намена

- Да се создаде свест за прашањето за ХИВ / СИДА преку едуцирање на персоналот, обезбедување на доверливо советување и совети за да се осигура дека заразените вработени се третирани со почит и достоинство
- Да се обезбедат насоки за прашањата од типот на тестирање, проверка, доверливост и не-дискриминација при вработувањето.

Доверливост

ХИВ статусот на било кој поединец ќе се чува строго доверливо. Медицинска евиденција на заразените со ХИВ ќе се смета за строго доверлива информација.

Пристапот до таквите информации на медицинскиот персонал во рамките на Компанијата е строго ограничен и истите можат да бидат објавени само во случај на законски барања и со согласност на вработениот.

Доброволно откривање

Вработен кој е заразен со ХИВ вирусот или боледува од СИДА не е должен да ја извести компанијата. Доколку некој вработен/а ја објави информацијата на својот Менаџер или на преставник од Човечки ресурси за својата физичка состојба како што се ХИВ и СИДА, менаџерот ќе даде поддршка и ќе го сослуша работникот, истакнувајќи ги клучните проблеми. Ако претставникот на човечки ресурси не е свесен за ситуацијата, Менаџерот ќе го контактира претставникот за да добие насоки и ресурси кои би помогнале и би излегле во пресрет на потребите на вработениот, само со согласност на работникот.

Секоја инстанца ќе биде управувана на основа од случај до случај  за да се балансираат потребите на вработените со потребите на бизнисот.

Медицинско тестирање

Компанијата од новите кандидати за работа или од вработените во Пивара Скопје нема да бара да откриваат лични информации поврзани со статусот за  ХИВ и СИДА освен ако тоа законски се бара во земјата.

Вработените кои сакаат да го утврдат статусот на  ХИВ и СИДА можат доброволно да се тестираат.

Советување

Каде што нема советување на располагање, Компанијата ќе ги стави на располагање сите слични информации и едукативни програми за сите вработени. Таму каде е можно и соодветно, оваа услуга и програма ќе биде проширена до членовите на семејството на соработниците.

Ние, исто така ќе бараме помош од заедницата која е поставена за поддршка и советување на групи. Информации за овие средства доверливо може да се бараат од Менаџерот за Човечки ресурси.

Разумно сместување и Безбедност на работно место

Пивара Скопје ќе превземе мерки за обезбедување за разумни работни услови на вработените поврзани со ХИВ и СИДА болести. Ова може да вклучува преуредување на работното време, специјална опрема, можности за паузи за одмор, време за лекарски прегледи,  флексибилно боледување, скратено работно време и аранжмани за враќање на работа, а во согласност со локалните законски барања.

Вработени кои се ХИВ позитивни, се слободни да продолжат да работат и ќе бидат третирани како и секој друг вработен во однос на обука, промовирање, трансфер на работно место, дисциплина и друго. Одредбите од постојните политики на Компанијата и процедури во поглед на боледување и нарушувања/ инвалидитет ќе се применуваат во случаи на хронични заболувања.

Компанијата нема да го отпушти работникот само поради неговата/нејзината дијагноза за ХИВ и СИДА.

Кога вработениот заболен од СИДА е премногу болен да продолжи да работи и кога дополнителните работни можности за продолжување на боледувањето се исцрпени вклучувајќи го и продолженото боледување, работниот однос може да биде прекинат согласно законот за анти дискриминација, законот за работни односи и Компаниските политики и процедури.

Намалување и управување на ризици

Пивара Скопје работи со цел да обезбеди здрава и безбедна работна средина преку превенција и обезбедување и одржување на заштитната опрема и опрема за прва помош.

Процедури за анти дискриминација, жалби и дисциплинска постапка

Кога вработениот смета дека е жртва на дискриминација како резултат на неговата/нејзината дијагноза за СИДА, поединецот треба да се повика на Компаниската процедурата за жалби.

Пивара Скопје ќе превземе корективни и дисциплински активности против оние вработени инволвирани во малтретирање или дискриминација на вработениот/вработената директно или индиректно засегнат со ХИВ и СИДА.

Споделување на информации

Со цел Компанијата да биде во добра позиција да одговори на здравствените потреби на работното место и да ги поддржи идните планови во доменот на планирање на Човечките ресурси, треба да има реална проценка на состојбата со ХИВ и СИДА во Компанијата, врз база на доброволно учество во истата, а информацијата ќе се чува доверливо, без откривање на идентитетот на поединците.

Ревизија на политиката

Оваа политика ќе биде ревидирана и дополнета кога и како ќе се јави потреба или кога развојот на настаните поврзани со истата укажуваат на тоа.